**ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail: bendcons@t-home.mk**

Друштво за ревизија
БЕНД РЕВИЗИЈА
И КОНСАЛТИНГ
ДОО
Бр. 08-184/2
18.05 20 15 год.
ТЕТОВО

# ИЗВЕШТАЈ

# ЗА

## АНГАЖМАН ЗА УВЕРУВАЊЕ ВО ПОСТАПКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ЗДЕЛКА СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА НА УГОТУР АД Скопје

*Мај 2015*

**ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово** **тел. 044 330 800** **e-mail: bendcons@t-home.mk**

**СОДРЖИНА**


| Опис | Страна |
| --- | --- |
| Изјава од овластениот ревизор | 3 |
| 1. Извештај на независниот ревизор за разумно уверување | 4 |
| 1.1. Идентификување и опис на информациите за предметната материја - Предмет на зделката со заинтересирана страна | 4 |
| 1.2.Идентификување на критериумите според која е оценета предметната материја | 5 |
| 1.3. Методи на вреднување | 6 |
| 1.4. Инхерентни ограничувања | 8 |
| 1.5. Одговорност на менаџментот | 8 |
| 1.6. Одговорност на ревизорот | 9 |
| 1.7. Изјава дека ангажманот е усогласен со МСАУ 3000 | 9 |
| 1.8. Резиме на извршената работа – Извршени процедури и извори кои се користени за утврдување на релевантните податоци кои се предмет на анализа | 9 |
| 1.9. Изјава за независност и компетентност | 11 |
| 1.10. Специфични ограничувања кои влијаеа на заклучокот | 11 |
| 1.11. Суштински прашања утврдени од наша страна | 11 |
| 1.12. Фактори на ризик | 11 |
| 2. Заклучок | 12 |

ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail: bendcons@t-home.mk

## ИЗЈАВА ОД ОВЛАСТЕН РЕВИЗОР

**Јас Апостоловски Душко Овластен ревизор вработен во Бенд Ревизија и Консалтинг ДОО Тетово, под полна (материјална, морална и кривична) одговорност изјавувам дека немам конфликт на интереси со УГОТУР АД Скопје и дека во последните три години не сум давал консултантски услуги на УГОТУР АД Скопје во смисла на Правилникот за подетално пропишување на условите и потребната документација за исполнување на условите за овластен ревизор кој дава мислење во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна.**

**Изјавил:**

**Тетово 18.05.2015** **Душко Апостоловски**



ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail: bendcons@t-home.mk

# ИЗВЕШТАЈ ЗА АНГАЖМАН ЗА РАЗУМНО УВЕРУВАЊЕ ВО ПОСТАПКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ЗДЕЛКА СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА

**До**

**Собранието на акционери на**
**“УГОТУР” АД Скопје**

## 1. Извештај на независниот ревизор за разумно уверување

Ние бевме ангажирани од “УГОТУР” АД Скопје за да извршиме Ангажман за разумно уверување и да издадеме заклучок во врска со одобрување на Зделка со заинтересирана страна според Предлог Одлуката на Одборот на директори за Годишното Собрание на акционери за 2015 година.

### 1.1. Идентификување и опис на информациите за предметната материја - Предмет на Зделката со заинтересирана страна

“УГОТУР” АД Скопје ќе остварува деловна соработка со “ФЕРШПЕД” АД Скопје при што “УГОТУР” АД Скопје согласно со Предлог Одлуката се јавува како купувач на суровини и материјали во износ од 18.000.000,00 денари.

Во изминатиот период Фершпед АД заради солидната позиција како купувач од производителите на прехрамбени производи и други производи за својата мрежа од хотели е во позиција да обезбеди посободветни услови за испорака на материјали за потребите на УГОТУР АД по однос на цена и други услови за испорака од истите или слични добавувачи на материјали. Заради ваквата состојба раководството на Уготур АД се одлучи за оваа зделка.

Вкупна вредност на зделката изнесува 18.000.000,00 денари

Според содржината оваа Зделка со заинтересирана страна според член 460а точка (1) од Законот за трговски друштва претставува кумулативна вредност на меѓусебни поврзани зделки, и според последните ревидирани годишни финансиски извештаи **претставува 53.04% од вредноста на активата на друштвото значи надминува 10% од активата и воедно претставува и голема зделка**.

- Забелешка: според ревидираните ФИ на “УГОТУР” АД Скопје износот на активата по ФИ за 2014 година изнесува 33.936.000,00 денари

Временската точка за која се однесува оценката или мерењето на Зделката со заинтересирана страна е со датумот на Одлуката за одобрување на зделка со заинтересирана страна, а временскиот период на кој се однесува Зделката со заинтересирана страна е период од една година.

Конкретната зделка со заинтересирана страна која е предмет на одобрување содржи перспективни финансиски информации. Заради ваквата состојба дури и да се случат настаните кои се предвидени со хипотетичките претпоставки во однос на предвидената Зделка со заинтересирана страна, сепак фактичките резултати веројатно ќе се разликуваат од проекцијата бидејќи други предвидени настани не се случуваат како што се очекува.

Табеларниот преглед на зделката е во продолжение:

ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail: bendcons@t-home.mk

– Висина на трансакции

| I „УГОТУР " АД КАКО КУПУВАЧ | Вредност 2015 | % во вкупна актива 2014 |
|---|---|---|
| 1. Суровини и материјали за производство на оброци за исхрана | 16,000,000.00 | 47.15% |
| 2. Останати стоки и услуги | 2,000,000.00 | 5.89% |
| **Вкупно** | **18,000,000.00** | **53.04%** |
| **Вкупна актива според билансот на состојба од 31.12. 2014** | **33,936,000.00** | |
| **% од активата** | **53.04%** | |

Нефинансиските информации кои се вклучени во износите во предлог одлуката како што е потеклото, квалитетот особено во делот на месо и месни праработки, млеко и млечни производи и зеленчук, се предмет на поголеми инхерентни ограничувања отколку финансиските информации, даваат повеќе квалитативни карактеристики на оваа постапка и методите за утврдување на вредноста на зделката.

**1.2. Идентификација на критериумите според која е оценета предметната материја:**

– Висина на трансакции

| I „УГОТУР" АД КАКО КУПУВАЧ | Вредност 2015 | Критериум |
|---|---|---|
| 1. Суровини и материјали за производство на оброци за исхрана | 16,000,000.00 | Не повисоко од актуелни ценовици на производителите и испорачателите на материјалите и суровините |
| 2. Останати стоки и услуги | 2,000,000.00 | Не повисоко од актуелни ценовици на производителите и испорачателите на материјалите и суровините |
| **Вкупно** | **18,000,000.00** | |
| **Вкупна актива според билансот на состојба од 31.12.2014** | **33,936,000.00** | |
| **% од активата** | **53.04%** | |

ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail: bendcons@t-home.mk

**1.3. Во Предлог Одлуката на УГОТУР АД Скопје се користени анализи и извори на информации и се употребени следните методи на вреднување:**

1) - Метода на вреднување - споредбени цени во однос на конкуренцијата како составен дел на одлуката за зделка со заинтересирана страна. Со ваквиот пристап е добиена вредност од 18.000.000,00 денари за зделката за набавка на суровини и материјали

| Опис | По предлог одлука за 2015 | Остверено 2014 | % |
|---|---|---|---|
| Суровини и материјали | 16,000,000.00 | 11,441,392.20 | 139.84% |
| Останати материјали | 2,000,000.00 | 2,717,223.76 | 73.60% |
| **Вкупно** | **18,000,000.00** | **14,158,615.96** | |

Забелешка: Останатите услуги и материјали се намалени заради престанок на договор за закуп (објектот е во сопственост на УГОТУР АД Скопје).

2) Метода на вреднување - според структура на набавените материјали 2011, 2012, 2013, 2014 и планирани износи за 2015 година Со ваквиот пристап е добиена просечна вредност од 18.693.639,00 денари за зделката за набавка на материјали.

| Опис | Просечна вредност според структура на набавени материјали 2011,2012, 2013, 2014 и планирани износи во 2015 | По предлог одлука за 2015 | Остварено 2014 | Износ на зделка 2014 според % на учество, при што како типична година се зема 2011 година со зголемување од 6.8% | План 2014 | 2013 | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Суровини и материјали | 16,243,953.17 | 16,000,000.00 | 11,441,392.20 | 21,000,000.00 | 18,654,000.00 | 12,474,427.00 | 16,668,370.00 | 17,469,483.00 |
| Останати материјали | 2,449,685.64 | 2,000,000.00 | 2,717,223.76 | 825,096.16 | 1,095,033.37 | 732,278.00 | 715,883.00 | 697,604.00 |
| | | | | 1,211,554.39 | 1,387,562.46 | 927,900.00 | 1,117,332.50 | 1,024,347.50 |
| | | | | 2,301,192.53 | 1,491,302.90 | 997,274.00 | 2,110,002.50 | 1,945,617.00 |
| **ТОТАЛ** | | | **2,717,223.76** | **4,337,843.08** | **3,973,898.73** | **2,657,452.00** | **3,943,218.00** | **3,667,568.50** |
| **Вкупно** | **18,693,638.81** | **18,000,000.00** | **14,158,615.96** | **25,337,843.08** | **22,627,898.73** | **15,131,879.00** | **20,611,588.00** | **21,137,051.50** |

Забелешка: Останатите услуги и материјали се намалени заради престанок на договор за закуп (објектот е во сопственост на УГОТУР АД СКОПЈЕ)..

**ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово** **тел. 044 330 800** **e-mail: bendcons@t-home.mk**

3) Метода на вреднување - % на трошоци за набавка на материјали во однос на приходи и расходи од оперативно работење . Со ваквиот пристап е добиена вредност од 18.909.257,00 денари за зделката за набавка на материјали

| | План 2015 | 2014 | План 2014 | 2013 | 2012 | 2011 | Просечно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ВКУПНИ ПРИХОДИ од оперативно работење | 29,189,895.00 | 25,483,441.00 | 34,522,691.00 | 27,423,134.00 | 35,714,068.00 | 35,204,051.00 | 31,256,213,00 |
| ВКУПНИ РАСХОДИ од оперативно работење | 29,149,463.00 | 28,503,816.00 | 34,480,000.00 | 31,749,570.00 | 22,858,848.50 | 33,443,903.00 | 30,030,933,00 |
| % во вкупни приходи | 61.67% | 55.56% | 65.55% | 55.18% | 57.71% | 60.04% | 57.64% |
| % во вкупни расходи | 61.75% | 49.67% | 65.63% | 47.66% | 90.17% | 63.20% | 67.01% |

| | 2015 | 2014 |
|---|---|---|
| Износ на зделка според метода на просечни приходи со зголемување од 6% | 19,274,198.83 | 21,094,468.04 |
| Износ на зделка според метода на просечни расходи | 18,544,314.23 | 24,491,422.18 |
| **Просечно** | **18,909,256.53** | |

4. Врз основа на користените методи на вреднување добиената вредност се движи помеѓу 18.000.000,00 и 18.909.257,00 денари.
5. Сите 3 употребени методи се значајни и релевантни, но заради оценката на Одборот на директори дека споредбените цени се најсоодветни за овој тип на дејност крајниот износ на зделката е утврден согласно со точка 6 во продолжение.
6. За определување на крајниот износ е користен критериумот за утврдување на вредноста врз основа на споредбени цени во однос на конкуренцијата како составен дел на одлуката за зделка со заинтересирана страна. Со ваквиот пристап вредностите на зделката се следни :

– Висина на трансакции

| **I „УГОТУР" АД КАКО КУПУВАЧ** | **Вредност 2015** |
|---|---|
| 1. Суровини и материјали за производство на оброци за исхрана | 16,000,000.00 |
| 2. Останати стоки и услуги | 2,000,000.00 |
| **Вкупно** | **18,000,000.00** |
| **Вкупна актива според билансот на состојба од 31.12.2014** | **33,936,000.00** |
| **% од активата** | **53.04%** |

ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail: bendcons@t-home.mk

**1.4. Инхерентни ограничувања - ограничувања кои постојат заради неможност да се влијае и контролира вкупниот деловен амбиент, сезонскиот карактер, географско потекло, ефективност на интерните контроли и слично.**

- Отсутноста на перфектен пазар, воспоставена пракса за споредба за различни, но прифатливи добавувачи може да резултира со материјално различно вреднување и може да влијае на споредливоста.

- Според содржината оваа зделка со заинтересирана страна претставува кумулативна вредност на меѓусебно поврзани идни зделки. Сакаме да ви обрнеме внимание дека оваа зделка содржи идни финансиски информации предвидени со Планот на Друштвото. Заради ваквата состојба дури и да се случат предвидените настани сепак фактичките резултати и износи веројатно ќе се разликуваат од проекцијата.

- Флуктуација на цената на материјалите во 2014 и на почетокот на 2015 година заради временски непогоди во минатиот период

**1.5. Одговорност на менаџментот**

Страните корисници на зделката со заинтересирана страна се обелоденети во Предлог одлуката за одобрување на зделка со заинтересирана страна.

Заинтересирана страна во Зделката со заинтересирана страна е Фершпед АД Скопје кој е акционер во УГОТУР АД Скопје каде поседува 24,37% од акциите со право на глас овие податоци се обелоденети во Записникот на Одборот на директори бр. 87 од 12.05.2015 и Известувањето на Фершпед АД бр. 02-476/15 од 24.04.2015 година врз основа Законот за Трговски Друштва.

Менаџментот на "УГОТУР" АД Скопје е одговорен за подготовка на предлог Одлуката за одобрување на Зделка со заинтересирана страна во согласност со критериумите на Законот за трговски друштва и Законот за хартии од вредност, а посебно дека:

- зделката со заинтересирана страна е во согласност со важечките прописи на земјата
- зделката со заинтересирана страна е фер односно вредноста на зделката е утврдена според пазарните услови во согласност со важечките прописи во земјата
- во зделката со заинтересирана страна не постои несразмерност во заемните давања на страните
- во зделката со заинтересирана страна не постојат некои други факти и околности кои би можеле да претставуваат основ за причинување на штета со препораката до малцинските акционери да ја поддржат зделката со заинтересирана страна
- во досегашните финансиски извештаи на "УГОТУР" АД Скопје реално се прикажани врските и зделките со заинтересирани страни.
- од согледаните ризик фактори при реализирање на предметната зделка со заинтересирана страна не постојат индикации од аспект на можна измама и манипулација

Одговорноста вклучува и селекција и примена на соодветните методи и критериуми за подготовка на предлогот за уверување и употреба на претпоставките и проценките на индивидуалната одржливост на заклучоците во рамки на дадените околности. Одговорноста вклучува и дизајнирање и имплементација на системи и процеси релевантни за подготовка на предлогот.

ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail: bendcons@t-home.mk

### 1.6. Одговорност на ревизорот

**Наша одговорност е да спроведеме ангажман за разумно уверување со цел да дадеме заклучок врз основа на нашата работа врз основа на нашите постапки за тоа :**

- дали зделката со заинтересирана страна е во согласност со важечките прописи во земјата,
- дали зделката со заинтересирана страна е фер односно дали вредноста на зделката е утврдена според пазарни услови,
- дали постои несразмерност во заемните давања на страните,
- дали постојат и некои други факти и околности кои би можеле да претставуваат основ за причинување на штета со препораката до малцинските акционери да ја поддржат зделката со заинтересирана страна,
- дали во досегашните Финансиски Извештаи на Друштвото реално се прикажани врските и зделките со заинтересирани страни,
- дали и какви ризик фактори постојат при реализирање на предметната зделка со заинтересирана страна, особено од можна измама и манипулација.

Ние ја извршивме нашата работа во согласност со меѓународниот стандард за уверување 3000 врз основа на добиените податоци до 18,05,2015 година. Овој стандард бара од нас да ги исполниме етичките барања и да го планираме и извршиме ангажманот за разумно уверување врз основа на материјалните аспекти за да го изразиме нашиот заклучок за ангажманот за уверување за тоа дали Зделката со заинтересирана страна во сите материјални аспекти е во согласност со критериумите на Законот за трговски друштва и Законот за хартии од вредноста.

Нашиот извештај е изготвен со цел да им помогне на акционерите на "УГОТУР" АД Скопје да ја оценат валидноста на Предлог Одлуката во однос на одобрување на Зделка со заинтересирана страна врз основа на тврдењата на одговорната страна.

Овој Извештај вклучувајќи го и заклучокот, е подготвен за целите на усогласеност со рамката за трансакции со поврзани страни на "УГОТУР" АД Скопје. Ние не прифаќаме или превземаме одговорност кон никој друг освен кон акционерите на"УГОТУР" АД Скопје.

### 1.7. Изјава дека ангажманот е извршен согласно со МСАУ 3000

Овој извештај е изготвен во согласност со Меѓународниот стандард за уверување (МСАУ 3000), ангажмани за уверување кои не се ревизии или проверка на историски информации, кои се издадени од Страна на одборот за меѓународни стандарди за ревизија и уверување, одредбите од членот 460-а став 2 а в.в. со став 3 од Законот за трговски друштва и Правилникот за содржината и формата на мислењето што овластениот ревизор го дава во постапка за одобрување на зделка со заинтересирана страна кај акционерско друштво чии акции котираат на берза. Тој се однесува на изнесеното во Предлог Одлуката за одобрување на зделка со заинтересирана страна по однос на точка на дневниот ред од Годишното Собрание на акционери за 2015 година и не се однесува на работењето на Компанијата како целина.

### 1.8. Резиме на извршената работа - Извршени процедури и извори кои се користени за утврдување на релевантните податоци кои се предмет на анализа

Во согласност со рамката на нашиот ангажман при нашата работа покрај другото ги спроведовме следните процедури и ги користевме следните извори на податоци:

ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail: bendcons@t-home.mk

- Интервју на повисокиот менаџмент, одговорен за подготовка на предлог одлуката за издржаност на зделката со заинтересирана страна.
- Интервју на одговорните лица за одредени делови на предлог одлуката за издржаност на зделката со заинтересирана страна.
- Увид и анализа на декларираните износи во Предлог Одлуката за одобрување на зделка со заинтересирана страна.
- Утврдување на процент на износот на Зделката со заинтересирана страна согласно со член 460а точка (1) од Законот за трговски друштва во однос на активата на друштвото определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи.
- Увид и утврдување во однос на тоа дали во досегашните Финансиски Извештаи на Акционерското друштво, реално се прикажани врските и зделките со заинтересирани страни.
- Преглед и анализа на извршени испораки, помеѓу Фершпед АД и Уготур АД кои се релевантни за Зделката со заинтересирана страна по делови која е предмет на одобрување.
- Утврдување на вредноста на Зделката со заинтересирана страна според утврдените критериуми, по делови и целосно врз основа тестирање според метода на примерок согласно со член 460а од Законот за трговски друштва, бидејќи станува збор за кумулативни вредности на меѓусебни поврзани зделки и тоа :

– Висина на трансакции

| **I „УГОТУР" АД КАКО КУПУВАЧ** | **Вредност 2015** | **% во вкупна актива 2014** |
|---|---|---|
| 1. Суровини и материјали за производство на оброци за исхрана | 16,000,000.00 | 47.15% |
| 2. Останати стоки и услуги | 2,000,000.00 | 5.89% |
| **Вкупно** | **18,000,000.00** | **53.04%** |
| | | |
| **Вкупна актива според билансот на состојба од 2014** | **33,936,000.00** | |
| | | |
| **% од активата** | **53.04%** | |

- Увид и анализа на добиените податоци од деловниот план на УГОТУР АД за 2015 година за вредноста на зделката со заинтересирана страна според Предлог одлуката за одобрување на зделка со заинтересирана страна.
- Увид и анализа на добиени податоци во постапка на склучување на договор за деловна соработка со Фершпед АД
- Увид и анализа на структура на трошоци за материјали по одредени видови на производи .
- Увид и анализа на набавки на материјали за 2012,2013 и 2014 година и анализа на услови и цени од различни добавувачи.
- Увид и анализа на Записник од состанок на Одбор на директори на УГОТУР АД Скопје од 11.05.2015 .
- Спротиставување на расходи за материјали по години во однос на остварени приходи и расходи на друштвото
- Увид во тековна состојба и акционерска книга на УГОТУР АД Скопје
- Ревидирани финансиски извештаи за 2012, 2013 и 2014 година

**1.9. Изјава за независност и компетентност**

Нашиот ангажман го извршивме во согласност со Кодексот на етика на професионалните сметководители.

Ние потврдуваме дека нашиот ангажман го извршивме согласно со меѓународниот стандард за уверување 3000.

**1.10. Специфични ограничувања кои влијаеа на заклучокот**

Не постојат било какви специфични ограничувања кои влијаеле на формирање на заклучокот.

**1.11. Суштински прашања** утврдени од наша страна, кои се однесуваат на конкретната зделка:

- Во текот на нашата работа утврдивме дека Уготур АД Скопје се занимава со подготовка и послужување на храна и досегашните набавки на потребни материјали ги врши преку различни добавувачи на потребни материјали. Набавните цени на материјалите и условите на набавка се зависни од состојбата на ликвидност на друштвото и истите варираат. Во претходните периоди во 2012, 2013 и 2014 година анализата на набавките по одредени материјали покажува дека набавните цени од Фершпед АД Скопје се најсоодветни во рамки на определената материјалност. Образложението на менаџментот за оваа состојба е дека Фершпед АД поседува развиена набавна служба за своите објекти и од овој аспект позицијата при набавка на материјали овозможува користење на соодветни услови на набавка и цени на материјалите.

- Вреднувањето и цените е условено од следните фактори:
  - Од карактеристики на оброците кои ги подготвува “УГОТУР” АД Скопје како производ.
  - Ризикот во однос на флуктуацијата на цената на материјалите по однос на сезони и временските прилики
  - Набавка на гориво и потрошни материјали од мрежата на ФЕРШПЕД АД Скопје.

**1.12. Фактори на ризик**

Врз основа на извршените процедури при ангажман за разумно уверување, во однос на Зделката со заинтересирана страна која е предмет на одобрување на Годишното Собрание на анкционери за 2015 на “УГОТУР” АД Скопје ние ги забележавме следните ризик фактори при реализација на оваа зделка.

- Можна зависност од еден добавувач
- Ограничен пристап на споредбени податоци на услови во однос на цени и капацитети заради сезонскиот карактер на цените на материјалите.

Заради ваквата состојба суштинските постапки се базирани на тестирање на историските информации за 2012 и 2013, 2014 и почетокот на 2015 година по поединечни елементи на Зделката во однос на исполнување на критериумите, карактеристиките и методите на вреднување на елементите на зделката.

Ние веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашиот заклучок.

ул. Јане Сандански бр. 63/2 Тетово тел. 044 330 800 e-mail: bendcons@t-home.mk

## 2. *Заклучок*

Според наше мислење врз основа на извршените процедури при ангажман за разумно уверување, како што е опишано погоре, во однос на Зделката со заинтересирана страна која е предмет на одобрување на Годишното Собрание за 2015 на "УГОТУР" АД Скопје, базирана на тврдењата на одговорната страна, зделката е објективно искажана во сите материјални аспекти и препорачуваме малцинските акционери да ја подржат зделката со заинтересирана страна, а особено што:

- Зделката со заинтересирана страна е во согласност со важечките прописи во земјата.

- Зделката со заинтересирана страна е фер, односно вредноста на Зделката е утврдена според пазарните услови кои се во согласност со важечките прописи во земјата.

- Не постои несразмерност во заемните давања на страните.

- Не постојат некои други факти и околности кои би можеле да претставуваат основ за причинување на штета со препораката до малцинските акционери да ја поддржат зделката со заинтересирана страна.

- Во досегашните Финансиски Извештаи на Акциоерското друштво се реално прикажани врските и зделките со заинтересирани страни и ревизорите на финансиските извештаи изразиле мислење без резерва по однос на истите.

- Не постојат ризик фактори при реализирање на предметната зделка со заинтересирана страна освен оние кои се обелоденети погоре, особено од аспект на можна измама и манипулација.

**Нагласување на прашање**

Ние обрнуваме внимание на Предметот на зделката со заинтересирана страна. Според содржината оваа зделка со заинтересирана страна претставува кумулативна вредност на меѓусебно поврзани идни зделки. Сакаме да ви обрнеме внимание дека оваа зделка содржи идни финансиски информации, без да го менуваме заклучокот.

Тетово 18.05.2015

Бенд Ревизија и Консалтинг ДОО Тетово
ОР. Душко Апостоловски

БЕНД РЕВИЗИЈА И КОНСАЛТИНГ ДОО Тетово